КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BASKETBALL FEDERATION OF NORTH MACEDONIA

FIBA
We Are Basketball

**Кошаркарска Федерација**
**на Северна Македонија**
**Број 03-253/1**
**Дата 23.06.2021**

**До: Државна комисија за спречување на корупцијата - Скопје**

**Предмет: Доставување на податоци и информации**

Почитувани,

До Кошаркарската федерација на Северна Македонија доставено е Барање за добивање на податоци и информации од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата – Скопје.

Со овој допис Ви ги доставуваме бараните податоци и нформации и тоа:

- Комисијата која што ја подготвува предлог - листата со која се вреднуваат, верификуваат и рангираат спорските клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средства од даночното ослободување во периодот на 2020 година и 2021 година е составена од следните лица: Владимир Георгиевски, Тодор Гечевски и Славјанка Вирановска;
- КФСМ има доставено до 20.01.2021 година до Агенцијата за млади и спорт барање за користење средства од даночно ослободување и предлог - листа на спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување во 2021 година и истата е објавена на официјалната веб страница - www.kfsm.mk до 20.01.2021 година;
- Комисијата во целост го има испочитувано „Правилникот за поблиските квантитативни и квалитативни критериуми за користење на средства......“ со кои се утврдени наведените поблиски квантитативни и квалитативни критериуми;
- До КФСМ формално не се поднесени приговори или забелешки на спортските клубови и спортисти против Ранг листите за доделување на ваучери во 2021 година;
- КФСМ има доставено до 15.03.2021 година до Агенцијата за млади и спорт извештај со законски утврдените податоци за тоа колку средтва се примени во 2020 година, од кого се примените средства по оваа основа и за кои намени се потрошени средствата во 2020 година;
- Сите извештаи се навремено и уредно објавени на официјалната веб страница на КФСМ на https://kfsm.mk/page/dokumenti;

Во прилог на овој допис Ви доставуваме и записници од седниците на Комисијата од 2020 година, одржани во периодот од 01 јануари до 15 март 2020 година, како и записници од седниците на Комисијата од 2020 година, одржани во периодот од 01 јануари до 15 март 2021 година.
Ви стоиме на располагање за сите дополнителни податоци и информации.

Со почит,

Претседател на КФСМ
Перо Антиќ

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА